ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

**16.10.2020-Петок**

## ИНФОРМАЦИИ



**Средба на градоначалникот Сашо Поцков со амбасадорот Дејвид Гир**

Градоначалникот на Општина Гевгелија, Сашо Поцков, оствари средба со амбасадорот Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на ЕУ во нашата земја. Притоа, Градоначалникот го информираше амбасадорот, кој од неодамна ја презеде функцијата и престојува во земјава, за активностите и проектите што ги реализира Општина Гевгелија, со цел да се обезбедат европските стандарди и поквалитетни услуги кон граѓаните. Како во поглед на инфраструктурата, така и во поглед на условите за живот.

- Во изминатите десеттина години во општина Гевгелија, со финансиска поддршка од ЕУ успешно се реализирани проекти во вредност од скоро 2 милиони евра, главно, преку програмите за прекугранична соработка со Грција и Бугарија. Токму овие проекти придонесоа да ја зајакнеме и прошириме соработката со пограничните општини во соседна Грција и да обезбедиме не само редовна комуникација на локалните власти, туку и слободен протек на луѓе и капитал преку границата. Тоа беше, а сметам дека и во иднина ќе претставува значаен поттик за добрсоседските односи, рече Сашо Поцков.

- Меѓутоа, токму прекинатиот слободен протек на луѓе преку границата, во услови на пандемијата со КОВИД-19 предизвикува големи штети на гевгелиското стопанство поради неговата структуира и зависност од граничниот промет. Во вакви услови, како Општина, направивме напори да ги ублажиме последиците од пандемијата преку целосно намалување на комуналните такси. Но, неопходни се и други мерки. Во моментот, наш приоритет е да обезбедиме средства и услови за доградба на КОВИД-пунктот во кругот на Општата болница, за прием и сместување на заразените од КОВИД-19 со полесни симптоми, нагласи Поцков.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**16.10.2020-Петок**

Амбасадорот Дејвид Гир изрази заодоволство што својата прва посета, по преземањето на функцијата во нашата земја, ја остварува во Гевгелија, каде што очигледно се води сметка за заштитата на животната средина.

Посебно значајно е сето она што го прави Општина Гевгелија за одржлив локален еколошко-економски развој, за решавање на главните еколошки проблеми, како предуслов за остварување на планираниот економски развој. Ваквиот концепт заслужува внимание и поддршка, како за заштитата на животната средина и економскиот развој, така и за воспоставената соработка меѓу една земја-членка на ЕУ и земја-канидат.

При посетата на Гевгелија, шефот на Делегацијата на ЕУ во нашата земја, Дејвид Гир го посети и Прифатниот транзитен центар за мигранти „Винојуг“ на македонско-грчката граница.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk



**Гевгелија доби мониторинг-станица за мерење квалитет на воздухот**

Во Гевгелија, вчера, беше предадена во употреба мониторинг-станицата за квалитетотна амбиенталниот воздух и презентиран начинот на нејзината работа. На свеченото отворање присуствуваа: министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, министерот за локална самоуправа, Горан Милевски, шефот на Делегацијата на Европската Унија, Н.Е. Дејвид Гир, кои заедно со градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, се обратија на настанот. Проектот е реализиран како резултат на соработката помеѓу: централната и локалната власт, општините од нашата држава со соседна Грција и граѓанскиот сектор од двете земји.

- Посебно задоволство ми е што денес присуствуваме на овој настан на официјално пуштање во работа на новата станица за мониторинг на квалитетот на воздухот на територијата на Општина Гевгелија. Ова значи збогатување на националната мрежа за автоматски мониторинг на квалитетот на воздухот, со што всушност ги оствaруваме нашите стратешки цели и приоретити како Министерство за животна средина и просторно планирање и како Влада на Република Северна Македонија. Нам, како орган одговорен за собирање на податоците и известување за квалитетот на животната средина, системот за мониторинг на квалитетот на воздухот ни користи да ги извршиме обврските за информирање на домашната јавност за животната средина, но и обврските за известување што сме ги презеле кон Европската агенција за животна средина и кон повеќе меѓународни договори во областа на животната средина ратификувани од страна на Република Северна Македонија. Токму затоа, овој систем истовремено значи силна поддршка во нашето приближување кон европските барања и стандарди во областа на животната средина, а со тоа и забрзување на процесот на нашите евроинтеграции, истакна во воведното обраќање министерот за животна средина и просторно планирање, Нуредини.

- Со големо задоволство ја поздравувам реализацијата на овој проект затоа што е пример за одличната соработка: помеѓу централната и локалната власт, општините од нашата држава со соседна Грција и граѓанскиот сектор од двете земји. Во време кога здравјето на граѓаните е над сите други приоритети, кога покрај загадениот воздух имаме и опасен вирус, овој проект станува уште позначаен. Како министер којшто ја има одговорноста да ја координира имплементацијата на ИПА програмата за прекугранична соработка, драго ми е што со соседна Грција решаваме заеднички проблеми. Убеден сум дека со соработка и со подобрување на квалитетот на живеење ќе успееме што побрзо да станеме дел од европското просперитетно семејство и да ја насочиме финансиската поддршка од предпристапните фондови на Европската Унија, истакна министерот за локална самоуправа, Горан Милевски.

Нагласувајќи дека реализацијата на овој проект е дел од зедничките напори за борба против загадувањето, евроамбасадорот Дејвид Гир во соето обраќање посочи:

- Загадувањето на воздухот станува животен феномен со долгорочни апликации импликации по здравјето на луѓето. Затоа, и посветеноста на ЕУ за намалување на загадувањето на воздухот е од приоритетно значење. Во инвестициониот план на ЕУ за Западниот балкан донесен минатата недела, посебно внимание се посветува на Златната агенда, во која загадувањето на воздухот се смета за уште еден голем предизвик, особено, по пандемијата од КОВИД-19.

- Со поставување на мониторинг-станицата за квалитетот на амбиенталниот воздух во Гевгелија, за првпат ќе се воспостави механизам за редовно следење на состојбата со квалитетот на воздухот и изворите на загадување во овој пограничен регион. Истовремено, ќе се подигне јавната свест за заштита на квалитетот на воздухот што е посебно значајно. Изразувам благодарност за успешниот проект и посакувам со вакви проекти и во иднина да ја проширувамe прекуграничната соработка и да ги унапредуваме добрососедските односи со Република Грција, истакна градоначалникот Поцков.

Мониторинг станицата е набавена преку проектот „Развој и имплементација на здравствен индекс за загадување на воздухот " кој се спроведува во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање, а истиот е финасиран од Interreg-IPA CBC програмата помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција.

За реализација на овој проект, Европската Унија преку ИПА Програмата за прекугранична соработка го финансираше проектот во вкупна вредност од скоро еден милион евра за двете држави, а националното кофинансирање во вредност од 15% го обезбеди Министерството за локална самоуправа.

**16.10.2020-Петок**



## Новите бројки на новозаболени загрижувачки во ОГ

Во вчерашната статистика на Министерството за здравство, од вкупно 553 нови случаи на КОВИД-19, Гевгелија брои нови 24 новоевидентирани лица.

Општинскиот штаб за заштита и спасување на последната одржана седница, по новата епидемиолошка слика на Гевгелија, заклучи да се преземаат ригорозни мерки на примената на здравствените и протоколите за работа. За таа цел, секој ден ќе се врши контрола од надлежните државни и општински инспекциски служби и други органи според Планот за контрола на примената на заштитните мерки. За непочитување на заштитните мерки ќе следат соодветни санкции.

- Крајно време е граѓаните и сите правни и други субјекти најсериозно да ги прифатат апелите што ги упатувам од почетокот на пандемијата во март, а тоа е доследно почитување на заштитните мерки и придржување кон здравствените протоколи, изјави градоначалникот на Општина Гевгелија, Сашо Поцков, по денешната седница на Општинскиот штаб за заштита и спасување, нагласувајќи дека зголемениот број на заболени се должи на недисциплина и непочитување на мерките.

- Не може да се дозволи организирање свадби, забави во ресторани, игротеки или други поголеми групирања бидејќи растечкиот број на заболени во општината, главно, е меѓу младите и оттука потекнува. Мора да се сфати дека со ваквите мерки го штитиме, пред се, здравјето на граѓаните, но ја штитиме и економијата која трпи големи штети, истакна Поцков.



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

**16.10.2020-Петок**



**Сметките за комунални услуги можат да се платат во пунктот на Туристичко-информативниот центар и електронски на веб-сајтот на "Комуналец"**

Поради лошата епидемиолошка слика во општина Гевгелија и зголемениот број на нови КОВИД-случаи, ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија ги информира граѓаните дека за плаќањето сметки за комунални услуги, освен на пунктот во дирекцијата на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија, се врши и на наплатниот пункт сместен во бараката на „Туристичко-информативниот центар“. Пунктот работи секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот. Исто така, граѓаните можат да ги платат сметките за комунални услуги и електронски на веб-сајтот на ЈПКД „Комуналец“: https://komunalecgevgelija.mk/.

- Избегнувајте ги гужвите пред шалтерите и одржувајте потребна дистанца според препораките од здравствените служби, апелираат службите на ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# ДНЕВЕН БИЛТЕН

**16.10.2020-Петок**

## ОБЈАВИ



**Од денеска, граѓаните можат да ги следат резултатите за квалитетот на воздухот во Гевгелија**

По профункционирањето на мониторинг-станицата, граѓаните на општина Гевгелија, од денеска ќе можат да ја следат состојбата за квалитетот на воздухот во градот. Резултатите за квалитетот на воздухот во Гевгелија можат да се најдат на официјалната веб-страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, на следниов линк: http://air.moepp.gov.mk/.

Мерната станица е опремена со повеќе инструменти и ќе дава резултати на часовна и дневна концентрација на азотни оксиди, сулфур диоксид, јаглероден моноксид и озон, а ќе ги чита и опасните ПМ10 честички. Ќе биде поврзана со националниот софтвер и мониторинг- мрежа за следење на квалитетот на воздухот, со која управува Министерството за животна средина и просторно планирање. Станицата е дел од заедничкиот проект со Грција „Развивање и имплементација на здравствен индекс за загадување на воздухот во прекуграничниот регион“ кој во земјава го имплементираа Центарот за климатски промени од Гевгелија и Министерството за животна средина, а го финансира ЕУ и е во вредност од 470.000 евра.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk